# СОВЕТИ
## ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 5 октомври 2019*

## 1. ОПКРУЖЕНИ СО АТМОСФЕРА НА МИР

На сите кои се поучуваат од Бога им е потребен тивок час за заедница со нивните сопствени срца, со природата и со Бога... Секој од нас мора лично да го слушне Божјиот глас како му зборува на срцето. Кога сите други гласови ќе замолкнат, а ние чекаме пред Него во тишина, молкот на душата дава поголема јасност на Божјиот глас. Тој ни заповеда: „Бидете тивки и разберете дека Јас сум Бог.“ ... Оној кој е освежен на ваков начин ќе биде опкружен со атмосфера на светлина и мир дури и среде забрзаната толпа и напорите на животните интензивни активности. Тој ќе прими нов дар на телесна и ментална сила.

**Христовата религија како делотворен лек**

Сатаната е причинител на болестите, а Големиот Лекар се бори против неговите дела и сили. Болестите на умот преовладуваат насекаде... Неверниците се користат во најголем дел со овие несреќни случаи (каде што има семејни трауми, каење заради грев, страв од вечен пекол, и други нешта што предизвикуваат неурамнотеженост на умот) припишувајќи ѝ го ова лудило на религијата; но тоа е тешка клевета за којашто тие ќе мораат да одговараат. Многу далеку од тоа да биде причинител на лудило, Христовата вера е еден од најделотворните лекови против истото; бидејќи таа е моќен смирувач на нервите.

Влегување во царството на мирот. Кога искушенијата ќе навалат на нас, кога грижите, неизвесноста и темнината изгледа како да ја опкружуваат вашата душа, гледајте на местото каде што последен пат сте виделе светлина. Бидете спокојни во Христовата љубов и под Неговата заштитничка грижа... Стапувајќи во тесна заедница со Спасителот, ние влегуваме во царството на мирот.

**Отстранети сите претерани грижи**

Небесниот Татко нежно бдее над сите: над луѓето кои заминуваат на својата секојдневна тешка работа и над оние што се молат; над оние кои навечер одат на починка и над оние кои наутро стануваат; над богатиот кој се гости во својата палата и над сиро-

мавиот кој ги собира своите деца околу скромната трпеза. Нема пролеана солза којашто Бог не ја видел. Нема насмевка која Тој не ја забележал.

Кога би можеле целосно да веруваме во тоа, би се ослободиле од сите непотребни грижи. Нашиот живот не би бил толку полн со разочарувања каков што е сега; бидејќи сите свои грижи и мали и големи, би ги предале во рацете на Бога, кого не го збунува нивното мноштво ниту пак го оптоварува нивната тежина. Тогаш ние би уживале душевен мир што мнозина веќе долго не го почувствувале. (Од книгата *Ум, карактер и личност*).

*Сабота, 12 октомври 2019*

## 2. УШТЕ ПОДОБРО БОГОСЛУЖЕНИЕ

Некој за Христа ги напишал следните зборови:

„Неговото раѓање беше спротивно на законите на животот. Неговата смрт беше спротивна на законите на смртта. Тој немаше житородни ниви, ниту пак се бавеше со риболов, но можеше да нахрани пет илјади луѓе и уште да му преостане леб и риба. Тој не газеше прекрасни ќилими, туку ја газеше водата на Галилејското езеро. И не потона! Кога умрел, малку луѓе го оплакувале, но сонцето се завило во темнина. Иако луѓето не се треселе поради своите гревови, земјата под тој товар се тресела. Целата природа го почитувала. Само грешниците го презирале. Распадливоста не можела да завладее со неговото тело. Земјата, црвена од Неговата крв, не можела да го задржи. Три години го проповедал евангелието. Не напишал ниту една книга, не изградил ниту еден молитвен дом, немал пари; но и по две илјади години Тој е централна личност на човечката историја, центар околу кого се движат случувањата во текот на вековите, единствен обновувач на човечката раса.“

Да, тоа е истиот Исус Христос во кого ние веруваме, кого го сакаме, го цениме и го почитуваме. Тоа е Исус кој живее во нашето срце, чија љубов нè привлекла кон Него. Тоа Исус Христос заради кого денес ние овде се наоѓаме.

Ние би сакале нашето богослужение да носи печат на обожавање токму на Исус, нашиот Спасител. Кога ќе си одиме од ова место, да донесеме одлука да бидеме поподготвени за служба на ближните, спремни подлабоко да ја проучуваме Божјата реч и посесрдно да работиме во подготовката наа својот карактер за Христовото второ доаѓање.

Господ нека го благослови ова богослужение и сите нас богато нека нè нахрани од својата света Реч, од Светото писмо! Нека Бог нè благослови сите нас поединечно, сите наши драги гости и пријатели! Нека оваа сабота биде за нас извор на радост и ново охрабрување за живот! Амин.

*Сабота, 19 октомври 2019*

## 3. ЧУВСТВО НА ВИНА

Драги браќа и сестри, дали во животот некогаш сте почувствувале чувство на вина? Што било тоа што ја вознемирило вашата совест? Оправдано или неоправдано, чувството на вина има негативно влијание врз нашето тело. Духот на пророштвото кажува дека в**ината ја слабее животната сила.** Жалост, загриженост, незадоволство, вина, недоверба, сето тоа има тенденција да ја крши животната сила и предизвикува распаѓање и смрт.

**Исус ни нуди простување.**

Сатаната настојува да ги одвои нашиот ум од моќниот Помошник, наведувајќи нè да размислуваме за изопаченоста на душата. ... Никој не треба да се препушта на обесхрабрување и очај. Сатаната може да ви дојде со сурова сугестија: „Твојот случај е безнадежен. Ти не можеш да се спасиш“. „, Но иако Исус ја гледа вината од минатото, Тој нуди простување; и не смееме да го обесчестиме сомневајќи се во Неговата љубов. Има надеж за вас во Христа. Бог не бара од нас да победуваме во сопствената сила. Тој нè повикува да дојдеме поблизу на Неговата страна. Под какви и тешкотии и да работиме, тешкотии кои ја потиснуваат душата и телото, Тој чека да нè ослободи!

Ова чувство на вина мора да се положи при подножјето на голготскиот крст. Чувствата на грешност ги затрул изворите на животот и вистинската среќа. Исус денес ни вели: Положи го сето тоа на Мене. Јас ќе го преземам твојот грев, Јас ќе ти дадам мир. Не уништувај ја повеќе твојата самопочит, бидејќи, Јас те купив со Својата крв. Ти си мој; твојата слаба волја јас ќе ја зајакнам; твојата жалост поради гревот Јас ќе ја оттргнам!

Затоа обрати го своето благодарно срце, кое трепери од неизвесност, и фати се за надежта која е поставена пред тебе. Бог го прифаќа твоето скршено, покајничко срце. Тој ти нуди бесплатно простување. Тој нуди да те прими во небесното семејство, да ја закрепи твојата слабост преку благодат, и драгиот Исус ќе те води чекор по чекор само ако сакаш да му подадеш рака и да дозволиш да те води.

**На најголемиот грешник му е потребен најголемиот Спасител.** Ако се чувствуваш како најголем грешник, Христос е токму Тој што ти е потребен, бидејќи тој е најголемиот Спасител. Подигни ја главата и погледни подалеку од себе, од својот грев, кон издигнатиот Спасител; тргни го погледот од отровното смртоносно каснување од змија кон Божјото Јагне кое ги презело гревовите на светот. Тој ја понесол тежината на нашата вина, Тој ќе ја преземе тежината од нашите уморни плеќи. Тој ќе нè одмори. Тој исто така ќе го понесе бремето на грижи и жалост. Тој нè повикува да ја фрлиме секоја своја грижа врз Него, бидејќи нè носи на Своето срце.

*Сабота, 26 октомври 2019*

## 4. ПРОМЕНА ВО НАС

Небесниот дар, што Бог е спремен да го даде за нашето спасение, нема никаква вредност ако ние не сме подготвени да го примиме. Бог никогаш нема да го присили човекот да го прифати Исуса или спасението кое Тој ни го овозможил. Повикот е упа-

тен до секого. Бог се труди да нè поттикне да го прифатиме овој повик. Меѓутоа, одлуката зависи од нас самите.

Кога некој го прифати Божјиот повик, односно ќе го прифати дарот на спасението, веднаш се гледа преку неговите зборови и постапки. Тој со радосно срце сака да го прави тоа што Бог од него го бара.

Една наша девојка имала големи потешкотии во својот дом. Сите нејзини пријатели знаеле за нејзиниот проблем, бидејќи таа секого му раскажувала колку е несреќна. Еден ден се појавила на училиште насмеана, со ведро лице, додека гласот и одѕвонувал од радост. „Како е дома?“ ја запрашале, сигурни дека промената во домот довела до промена на нејзиното лице.

„Ах, во домот е како и порано, но јас се променив“, одговорила девојката. Таква промена настанува само тогаш кога одговараме на Божјиот повик да му се предадеме на Бога и да се покориме на Неговата волја. Очите на новородениот човек го гледаат и светот со други очи. Тоа го забележува и неговата околина. Затоа новородениот човек станува силно сведоштво во прилог на спасоносната моќ на вистината.

Ние денеска сме дојдени во овој молитвен дом за да го прославиме заеднички Бога. Можеби во своите домови сме ги оставиле тешкотиите, проблемите и неволјите. Дали другите на нашето лице гледаат одраз од нашите неволји? Или во нас гледаат христијанин, христијанка, кои се среќни што можат да се надеваат во Бога“.

Да се трудиме нашите лица да носат печат на добрината што Христос ни ја покажал, печат на спасението коешто го примаме од Бога, печат на мирот што Тој ни го дава! Да дозволиме Неговата спасоносна сила да го промени не само нашето срце, туку и нашите мисли, нашиот ум, размислување и однесување.

Нека нашите лица зрачат со радост за она што Бог го сторил за нас!

*Сабота, 2 ноември 2019*

# 5. ХРИСТОС ТРЕБА ДА СЕ ОТКРИЕ ВО НАС

Христијани, дали Христос се открива во нас? Мораме да работиме на изградба на здрави тела и силни умови, кои нема лесно да ослабнат, умови коишто ќе гледааат подалеку од себеси кон причината и последицата на секоја сторена постапка. Тогаш сме на правиот пат да ги поднесеме тешкотиите како добри војници. Ни требаат умови, кои можат да ги забележат тешкотиите и да се справуваат со нив со мудроста што доаѓа од Бога, кои ќе можат да се борат со тешки проблеми и да ги победат. Најтешкото нешто е да се распнеме себеси, да ги поднесеме тешкотиите на духовните искуства, да ја воспитуваме душата преку строга дисциплина. Тоа од почеток можеби нема да ни причини големо задоволство, но подоцна како последица на тоа ќе добиеме мир и среќа.

### Талентите не се развиваат во еден миг

Драгоцените дарови на Светиот Дух не се развиваат во еден миг. Храброста, духовната сила, кротоста, верата, непоматената верба во Божјата спасителна моќ се стекнуваат преку повеќегодишно искуство. Божјите деца треба да ја запечатат својата судбина со живот исполнет со свети стремежи и непоколеблива приврзаност.

### Мој е само еден ден

Ден по ден сите ние мораме да се воспитуваме, дисциплинираме и образуваме за да бидеме корисни во овој живот. Само еден ден едновремено размислувајте за ова. Само еден ден е мој. Ќе дадам сѐ од себе во тој еден ден. Ќе ја употребам својата способност за зборување за да бидам на благослов на некој друг, како помошник, утешител, пример што Господ, мојот Спасител ќе го одобри. Ќе практикувам да бидам трпелив, љубезен, воздржан, за да можат во мене уште денес да се развијат христијански доблести.

Секое утро посветете се себеси целосно, и душата, телото и духот на Бога. Воспоставете навики на посветување и доверба сѐ повеќе и повеќе во својот Спасител. Можете со целосна доверба

да верувате дека Господ Исус ве сака и сака да пораснете до висината на Неговиот карактер. Тој сака да растете во Неговата љубов, да напредувате и јакнете во сета полнота на божествената љубов. Тогаш ќе стекнете знаење со најголема вредност за овој свет и за вечноста.

*Сабота, 9 ноември 2019*

## 6. СЕБИЧНОСТА И НЕЈЗИНИТЕ ПЛОДОВИ

Себичноста е темел на изопаченоста и затоа што човечките суштества ѝ се предале на нејзината сила, денес во светот можат да се видат нејзините резултати, кои се во потполна спротивност со верноста во Бога. Народи, семејства и поединци се исполнети со желба за сосредоточување кон себе. Човекот копнее да владее над своите собраќа. Одвојувајќи се во својот егоизам од Бога и од своите собраќа, тој ги следи своите нескротливи склоности. Тој делува така, како доброто на другите да зависи од нивната потчинетост на неговата превласт.

**Победата е можна**

Преку негување на праведните начела, човекот може да се здобие со победа над злите склоности. Доколку е послушен на Божјиот закон, чувствата повеќе не се изопачуваат ниту искривуваат, способностите повеќе не се расипуваат и не се трошат напразно, искористувајќи ги на предмети кои водат далеку од Бога. Преку благодатта дадена од Небото, зборовите, мислите и силите можат да се исчистат; може да се оформи нов карактер, а понижувањето што доаѓа со гревот може да се надвладее.

**Колебливиот ум почеток на искушението**

Почетокот на попуштањето на искушението лежи во гревот на дозволување на умот да се колеба, да не биде доследен со твојата вера во Бога. Сатаната секогаш демне за можност да го претстави Бога во погрешна светлина и да го привлече човечкиот ум кон забранетите нешта.

Ако може, тој ќе го сосредоточи умот на световни работи. Тој ќе настојува да поттикне чувства, да предизвика страсти, да разбуди љубов кон она што не е за ваше добро; но вие сте тие кои треба секоја емоција и копнеж да ги ставите под контрола, во мирна потчинетост на разумот и совеста. Тогаш сатаната ја губи моќта да го контролира умот.

Задачата на којашто нѐ повикува Христос, е задача на прогресивна победа на духовното над злото во нашиот карактер. Природните склоности треба да се надвладеат... Мораме да се победи апетитот и страстите, а волјата мора потполно да се стави на Христова страна.

Немојте ниту за момент да ги прифатите сатанските искушенија, како да се во согласност со вашиот сопствен ум. Свртете се од нив, како што тоа би го направиле и спрема самиот непријател. Работа на сатаната е да ја обесхрабри душата. Христово дело пак е да го исполни срцето со вера и надеж. Сатаната настојува да ја збуни нашата вера. Тој ни зборува дека нашите надежи се изградени на лажни претпоставки, а не на сигурното и непроменливо слово на Оној, кој не може да лаже.

Ние не сме препуштени самите на себе во борбата против своето его и грешната природа на својата ограничена сила. Исус е силен помошник, поддршка којашто никогаш не изостанува... Никој не мора да падне или да се обесхрабри кога е обезбедена толку обилна поддршка за нас.

*Сабота, 16 ноември 2019*

## 7. ВИСТИНСКАТА ЉУБОВ Е ДУХОВНА

Љубовта, воздигната над царството на страстите и импулсивноста, станува продуховена и се открива преку зборовите и делата. Христијанинот мора да има посветена нежност и љубов, во која нема нетрпеливост и раздразливост; грубите и непријатни манири мораат да бидат омекнати со Христовата благодат.

### Љубовта живее од акција

Љубовта не може да живее без акција, а секој чин само ја зголемува, зацврстува и проширува. Љубовта победува тогаш кога доказите и авторитетот се немоќни. Љубовта не работи за корист ниту пак за награда; но сепак Бог одредил дека на секое дело на љубов, резултатот, повеќе од извесно, е секогаш голема добивка. Таа по природа се шири и е тивка во своето делување, па сепак силна и моќна во својата намера да ги надвладее големите зла. Љубовта е омекнувачка и преобразувачка во своето влијание и делува на грешниците допирајќи ги нивните срца тогаш кога секое друго средство ќе се покаже како неуспешно.

Онаму каде што се користи само моќта на интелектот, авторитетот или силата, а љубовта нејасно се покажува, чувствата и волјата на оние до кои се обидуваме да допреме заземаат одбранбен, одбивен став, а нивната сила на отпор се зголемува. Исус бил Кнез на мирот. Тој дошол на светот да ги потчини противењето и авторитетот. Тој можел да заповеда со мудрост и сила, но средствата со коишто се служел во совладувањето на злото биле мудроста и силата на љубовта.

### Докази за новото животно начело

Кога луѓето се меѓусебно поврзани, не со сила или од лични интереси, туку со љубов, покажуваат дека дејствува едно влијание што е повозвишено од секое човечко влијание. Таму каде што постои такво единство, тоа е доказ дека во човечкиот род е обновен Божјиот лик и дека им е всадено ново животно начело. Тоа покажува дека во божествената природа постои сила што може да им се спротивстави на природните сили на злото и дека Божјата благодат ја потчинува себичноста својствена на природата на човечкото срце.

...Нема да се покаже никаква себичност во погледот, зборовите или делата во работата на оние кои ја имаат таа скапоцена вера... било тие да се големи или мали, богати или сиромашни. Љубовта која упатува љубезни зборови само на некои, додека кон другите се однесува ладно и незаинтересирано, не е љубов туку себичност. Таа на никаков начин нема да работи за доброто на ду-

шите или на Божја слава. Нашата љубов... не треба да биде запечатена за одредени личности за сметка на занемарување на другите. Скршете го шишенцето и мирисот ќе ја исполни целата куќа...

Ако ги потиснуваме чувствата за друштвеност и широкоградост, тие венеат и срцето станува пусто и студено... Љубовта не може долго да опстојува ако не се покажува. Не дозволувајте срцето на оној кој е поврзан со вас да гладува за љубезност и сочувство.

Мора нежно да се внимава на драгоцената билка на љубовта, и таа ќе биде силна и јадра и ќе даде богат род, давајќи му израз на целиот карактер.

Кога Христос живее во срцето, душата се исполнува со неговата љубов и се радува што ужива негова заедница и единство со него. Тогаш, гледајќи го него, ќе заборави на себе. Љубовта кон Христа ќе биде извор на дејствување. Оние што ја чувствуваат силата на Божјата љубов не прашуваат на кој начин со што помалку труд би можеле да се задоволат Божјите барања; тие не бараат најниски мерила, туку имаат цел да бидат во совршена хармонија со волјата на својот Откупител...

*Сабота, 23 ноември 2019*

## 8. ХРИСТОС РАЗБИРА

Оној Кој ја зел човечката природа на себе, знае како да сочувствува со луѓето кои страдаат. Христос не само што ја познава секоја душа и нејзините потреби и искушенија, туку и сите околности кои можат да го ранат и збунат духот. Неговата рака е подадена до секое Божје дете кое страда, со неизмерно сочувство и нежност. Тој им укажува најголема сомилост и сочувство на оние што најмногу страдаат. Тој е трогнат од нашите немоќи и копнее да положиме пред Неговите нозе сè што нè збунува и оптоварува и да го оставиме таму.

Разбирањето донесува близок однос со Христос. Добрите дела се плодови кои Христос ги бара од нас – љубезни зборови, ми-

лосрдни дела, нежност за сиромашните, оние кои се во оскудација и тажните. Кога срцата сочувствуваат со срцата натоварени со обесхрабреност и жалост, кога раката дели на оние во оскудица, кога необлечените ќе се облечат, кога ќе му посакате добредојде на странецот во својот дом, ангелите доаѓаат многу блиску, и како одговор на тоа се слуша музика на Небото.

Секое дело на праведност, милост и милосрдие прави мелодија на Небото. Таткото од Својот престол ги гледа сите оние кои прават добри дела на милост и истите ги вбројува како свое најголемо богатство. „И тие ќе бидат мои, зборува Господ над војските, во оној ден кога ќе ги соберам скапоценостите“ (Малахија 3,17). На секое дело на милост кон оние кои живеат во сиромаштија, кон оние кои страдаат, се гледа како да е сторено за Исуса. Кога им помагате на сиромашните, кога сочувствувате со оние кои се во неволја и со угнетените, и им помагате на сирачињата, вие се доведувате себеси во поблиска заедница со Исуса.

**Христос нè повикува да покажуваме нежност и сочувствување**

Колку е голема љубовта која Христос ја изразил со доаѓањето на овој свет жртвувајќи го Својот живот за светот кој умира! Неговата вера водела кон вршење на вистинска здравствено мисионска работа. Тој бил исцелувачка сила. „Милост сакам, а не жртви,“ рекол Тој. Ова е тест кој Големиот Зачетник на вистината го користел за распознавање на вистинската вера од лажната. Бог сака Неговите здравствени мисионери да постапуваат со таква нежност и со такво сочувство какво што Христос би го покажал кога би живеел на нашиот свет.

**Извор на животна среќа**

Облагороденииот ум претставува вистинско богатство; но без омекнувачкото влијание на сочувството и посветената љубов, тоа не е од најголема вредност. Потребни ни се зборови и дела проникнати со нежни обѕири кон другите. Ние можеме да покажеме илјада мали вниманија преку пријателски зборови и пријатни погледи, што за возврат ќе се одрази врз сите нас.

Бог секому од нас му дал свој сопствен идентитет, кој не може да се стопи во идентитетот на некој друг; но нашите поединечни

карактеристики ќе бидат помалку истакнати ако навистина сме Христови и Неговата волја е наша. Нашиот живот мора да се посвети на добрината и среќата на другите, како што бил животот на нашиот Спасител. Ние треба да бидеме несебични, секогаш да внимаваме на приликите – дури и ако тие се мали – да искажеме благодарност за благословите што сме ги примиле од другите, очекувајќи можности за да ги развеселиме другите, да ги осветлиме и олесниме нивните жалости и бремиња преку дела исполнети со нежна добрина и мали изрази на љубов. Овие внимателни учтивости, почнувајќи од нашите семејства и пошироко, надвор од семејниот круг, ни помагаат да ја присвоиме суштината на животната среќа; додека занемарувањето на тие мали нешта ни ја покажува суштината на животната горчина и тага.

*Сабота, 30 ноември 2019*

## 9. ДОМОТ И СЕМЕЈСТВОТО

„Најубавата претслика на небото е домот во кој владее Господовиот Дух“ (Темели на среќниот дом, стр. 8), вели Духот на пророштвото.

Зборот дом често содржи пријатни сеќавања и чувства, но понекогаш и непријатни, зависно од тоа каков е домот во кој сме живееле или живееме, дали во него владее љубов, разбирање и меѓусебно почитување. За да нашите домови бидат она што Бог сака да бидат, Христос мора да биде глава на домот.

Духот на пророштвото додава: „Бог сака нашето семејство на Земјата да биде претстава за небесното семејство. Родителите и децата треба постојано да го имаат ова на ум и да се однесуваат еден кон друг како вистински членови на Божјето семејство. Тогаш со својот живот ќе му покажат на светот што можат да станат семејствата кои го сакаат Бога и кои ги држат Неговите заповеди. Со тоа Христос ќе се прослави; Неговиот мир, милост и љубов ќе се разлеат низ семејната средина како скапоцен мирис“ (Темели на среќниот дом, стр. 9).

Ние сме денес овде за да можеме да сфатиме дека и нашиот семеен дом треба да биде место на кое престојува Божјиот дух. Нашето однесување, пристапот кон Божјата Реч и кон богослужението треба да биде засилено со свеста дека му припаѓаме на големото Божје семејство кое свои членови има и на Небото и на Земјата.

Нема поубава слика од онаа кога целото семејство во сабота наутро заедно доаѓа во црква! Вистина, постојат и домови во кои сите не се верни. Не треба никој да се обесхрабрува; Бог нема да дозволи Неговата Реч да се врати празна. Тој ќе делува на срцето на домашните, ако оние кои ја запознале вистината се трудат во домот да владее небесна атмосфера.

Господ нека ги благослови нашите домови и нека ни го даде својот благослов на сите нас! Да ја пренесеме денес оваа атмосфера на молитвениот дом во својот сопствен дом!

*Сабота, 7 декември 2019*

## 10. БОЖЈИ ДЕЦА

Ја знаете онаа приказна за слепиот бездоминик што просел?! Додека на знакот му пишувало „слеп сум, помогнете ми", минувачите му давале нешто ситно парички. Но, кога некој минувач му го сменил текстот на знакот, наеднаш сите почнале да му даваат парички на бездомникот. На знакот пишувало „надвор е прекрасен ден, а јас не можам да го видам".

Со зборовите се служиме за да изразиме одредени мисли. Но, зборовите носат и одредени пораки. Некои од нив создаваат доверба, а други создаваат предрасуди. Зборот создава во нашиот ум извесна слика. Некои од тие слики може да одговараат на изговорениот збор, но некои може да бидат и погрешни. Така на пример, шпанскиот мов, ниту е шпански ниту е мов. Во суштина, тоа е едно убаво растение, кое го наоѓаме на дрвјата во Јужна Америка, член на семејството на ананасите. На пример, Долината на смртта во Калифорнија не е потполно пуста, како тоа што се за-

мислува. Постојат луѓе кои ја сакаат пустината и живеат во неа.

Каква слика добиваат луѓето кои се околу нас? Дали сме она за што се претставуваме? Дали оние кои нè гледаат и нè слушаат имаат правилна слика за Христа кого го претставуваме?

„Без жива вера во Христа како личен Спасител, нема да бидеме во состојба да го сочуваме нашето влијание во овој скептичен свет. Не можеме на другите да им го дадеме она што самите не го поседуваме. Нашето влијание ќе биде на благослов и спасение на човечкиот род во оној однос во кој и самите се посветуваме и предаваме на Христа. Таму каде што нема вистинска служба, вистинска љубов и живо искуство, нема ниту сила да се помогне, нема никаква поврзаност со небото, ниту Христов ‘мирис’ во животот. Ако Светиот Дух не може да нè употреби како средства преку кои на светот ќе му се пренесе вистината, каква што е во Исуса, тогаш сме како солта, која го изгубила својот вкус. Со нашиот недостаток на Христовата милост, на светот му сведочиме дека вистината во која тврдиме дека веруваме, нема сила да ја посвети душата; и на тој начин, колку што се протега нашето влијание, поради нас Божјата Реч го губи своето влијание.“ – The Review and Herald, July 27, 1905.

Нашите зборови, постапки, па и нашите мисли треба да бидат во потполна хармонија со името кое го носиме. Кај оние кои нè познаваат, и самото спомнување на зборот христијанин треба да создаде одредена слика на личност која со право го носи Христовото име. Ние се радуваме што, со Божја помош, зборот „Адвентист“ во многу општествени кругови го има таквото значење.

Каков впечаток ти им оставаш на другите? Размислувај денес за ова прашање!

*Сабота, 14 декември 2019*

## 11. СОВРШЕНСТВО НА КАРАКТЕРОТ

Никој не е лишен од можноста во својот делокруг да постигне совршенство на христијанскиот карактер. Со Христовата жртва на секој верник му е овозможено да прими „сè што му е потребно за животот и побожноста“. Бог нè повикува да го постигнеме високото мерило на совршенството, а како пример за тоа ни го дава Христовиот карактер. Во својата човечка природа, усовршена со живот на постојано противставување на злото, Спасителот покажал дека човечките суштества можат и во овој живот, соработувајќи со божествената сила, да постигнат совршенство на карактерот. Тоа е Божја гаранција за нас дека и ние исто така можеме да се здобиеме со целосна победа.

...Но човекот е наполно неспособен со своја сила да го досегне тој степен. Светоста што, според барањата на Божјата реч мора да ја има за да може да биде спасен, претставува резултат на дејствувањето на божествената милост во неговото срце, ако понизно се приклони и ја прифати дисциплината и влијанието на Духот на вистината. Послушноста на човекот може да се усоврши единствено со Христовата праведност, која со својот божествен мирис исполнува секој чин на послушноста. Христијанинот од своја страна е должен истрајно да победува секој свој недостаток. Тој постојано и упорно мора да го моли Спасителот за исцелување на својата со грев заболена душа. Тој нема ниту мудрост ниту сила сам да извојува победа; тоа му припаѓа на Господа, и Тој тоа радо им го дава на оние кои понизно и скршено бараат помош од него.

Делото на преобразување од непосветеност во светост е постојана и трајна задача. Од ден на ден, Бог постојано ги посветува и ги облагородува луѓето, но и човекот мора од своја страна да соработува со него, трудејќи се истрајно кај себе да развива добри навики, да си додава доблести; и додека човекот работи така според планот на додавање, Бог за него работи според планот на умножување на саканите доблести. Спасителот секогаш е подгот-

вен да ја чуе и да ја прими молитвата на скршеното срце, и кај неговите верници постојано ќе се умножуваат милоста и мирот. Тој радо им ги дава благодатите, толку неопходни во борбата против злото на кое постојано се изложени.

Апостол Петар многу години им укажувал на верниците на неопходноста од постојан развој во милоста и во познавањето на вистината. И сега, знаејќи дека поради својата вера наскоро ќе доживее и маченииштво, повторно обрнал внимание на драгоцените предимства што му стојат на секој верник при рака. Наполно сигурен во својата вера, остарениот ученик ги храбрел своите браќа непоколебливо да се држат за целта на христијанскиот живот. „Трудете се уште повеќе“, апелирал тој, „да го зацврстите вашето призвание и избор; имено, ако го правите тоа, никогаш нема да се сопнете. Зашто така во изобилство ќе ви се дозволи влегување во вечното царство на нашиот Господ и Спасител Исус Христос.“ Колку драгоцено и силно ветување! Величествена е надежта на верниците кога со вера се стремат кон врвот на христијанското совршенство!

*Сабота, 21 декември 2019*

## 12. УМНИТЕ СПОСОБНОСТИ

Бог бара од нас да ги вежбаме нашите умни способности. Тој сака неговите слуги да имаат поголема интелигенција и поостра моќ на расудување од оние на кои не им е грижа за него, и е незадоволен со сите кои се премногу немарни или мрзливи нешто да постигнат или да го продлабочат своето знаење. Господ нè повикува да го љубиме со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој ум. Токму тоа нè обврзува да го развиваме нашиот интелект во полна мера со целиот наш ум да можеме да го запознаеме и да го сакаме нашиот Творец.

Колку поразвиени се нашите умни способности и колку поцелосно му ги потчинуваме на Светиот Дух, толку поуспешно ќе бидеме употребени во Божјата служба. Необразованиот човек,

кој е посветен на Бога и кој копнее да им биде на благослов на другите, Господ може да го употреби во својата служба, и Тој тоа и ќе го стори. Меѓутоа, оние што негуваат ист дух на посветување и ја уживаат благодатта на темелното образование, можат да извршат многу поголема работа за Христа, зашто се наоѓаат во многу поповолна положба.

Иако не смее да се занемари науката, постои повисоко образование што може да се стекне единствено тогаш кога ќе се воспостави животна врска со Бога. Господ сака да постигнеме колку што е можно повисоко образование, но со цел своето знаење да им го пренесеме на другите. Никој не знае каде или како ќе биде повикан да работи или да зборува за Бога. Единствено нашиот небесен Отец знае како ќе го употреби човекот. Пред нас се можности кои нашата слаба вера не е во состојба да ги согледа. Затоа мораме да ги развиваме нашите умни способности за да можеме, ако е потребно, вистините на неговата Реч така да ги изнесуваме дури и пред највисоките авторитети на земјата за да се прослави Божјето име. Не треба да испуштиме ниту една единствена можност себеси интелектуално да се оспособиме за работа во Божјето дело.

Младите, на кои им е неопходно образование, решително нека се дадат на работа за да го стекнат. Не чекајте да ви се даде можност, туку создадете си сами себеси можности. Искористете и најмалечка прилика што ви се укажува... Решително зафатете се со работа за да станете токму онака корисни и успешни во Божјата служба како што очекува Тој од вас.  Бидете темелни и верни во сè што преземате. Искористете секоја можност што ви се дава да ги засилите своите умни способности. Проучувањето на книгите поврзете го со корисна физичка работа, така што со предани заложби, со будност и со молитва да стекнете мудрост што доаѓа од небото. Така себеси ќе си обезбедите сестрано образование. Тоа поволно ќе влијае и врз вашиот карактер, ќе го засили вашето влијание врз ближните и ќе ве оспособи да ги поведете по патот на чесноста и светоста.

*Сабота, 28 декември 2019*

## 13. ПОСВЕТЕНОСТ И ВЕРА

„Кога сме понизни и скрушени, ние стоиме онаму каде што Бог може и сака да ни се покаже. Тој е многу задоволен кога се повикуваме на благословите и милоста од минатото, како причина зошто би требало Тој да ни подари уште поголеми благослови. Тој ќе направи повеќе отколку само да ги исполни очекувањата на оние кои целосно веруваат во Него. Господ Исус точно знае што им треба на Неговите деца и колку од Божјата сила ќе употребат за благослов на човештвото; И ни го дава сето она што можеме да го употребиме за благослов на другите и за облагородување на нашите души.

Треба да имаме помалку вера во она што можеме да го направиме сами, а повеќе во она што Господ може да го направи за нас и преку нас. Делото во кое сте вклучени не е ваше; вие работите во Божјето дело. Предајте Му ги вашата волја и вашите патишта. Не задржувајте ништо за себе; не правете ниту еден компромис со вашето „јас". Дознајте што значи да се биде слободен во Христа.

Самото слушање проповеди од сабота во сабота, повторно и повторно читање на Библијата или нејзино објаснување стих по стих, нема да имаат никаква полза ниту за нас ниту за оние што нѐ слушаат, освен ако ги внесеме библиските вистини во нашето лично искуство. Нашиот разум, волјата, наклоностите, мораат да бидат подложени на Божјата Реч. Тогаш, под влијание на Светиот Дух, исполнувањето на Словото ќе стане принцип на нашиот живот.

Додека барате помош од Бога, почитувајте Го вашиот Спасител, така што ќе верувате дека ќе го примите Неговиот благослов. Сета моќ и сета мудрост ни стојат на дофат. Треба само да побараме.

Чекорете постојано во Божјата светлина! Деноноќно размислувајте за Неговиот карактер! Тогаш ќе ја видите Неговата убавина и ќе се радувате во Неговата добрина. Вашето срце ќе гори, чувствувајќи ја Неговата љубов. Ќе бидете издигнати како да ве

носат Вечните раце. Со силата и светлината што Бог ги втиснува во вас, ќе можете да разберете повеќе и да постигнете повеќе отколку што некогаш сте се надевале“ (Елена Вајт, Совети за животот и исхраната, стр. 411).

**Градиво за саботна школа**
**4/2019**

**СОВЕТИ ЗА ПОДОБРА САБОТНА ШКОЛА**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**